# ОПЕРАТИВНА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ 2026

# ОПЕРАТИВНА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ 2026

**1. Вовед**

Оваа оперативна програма ги дефинира активностите, планот за користење, одржување и управување со спортските објекти во Општина Битола за 2026 година. Програмата е подготвена согласно потребите на локалната самоуправа и јавниот интерес во областа на спортот и рекреацијата.

**2. Цели на програмата**

- Ефикасно користење и управување со спортските објекти
- Подобрување на условите за спортисти, ученици и граѓани
- Поттикнување на спортски активности и рекреација
- Одржување на безбедност, хигиена и функционалност

**3. Спортски објекти опфатени со програмата**

- Спортска сала **„Боро Чурлевски"**
- Фудбалски стадион **„Петар Милошевски"**
- Помошни фудбалски игралишта и терени
- Фудбалско игралиште со вештачка трева
- Тениски терени
- Куглана во спортската сала

**4. Опис на користење и активности**

**1**.Спортска сала **„Боро Чурлевски"**,Одржување натпревари,тренинзи, училишни турнири (кошарка, ракомет),Редовно чистење, одржување на паркет, организација на натпревари, одржување на агрегатско и панично осветлување **3 вработени и надворешни соработници со лиценца**

**2**.Фудбалски стадион **„Петар Милошевски",**Фудбалски натпревари, тренинзи, општински настани.Косење, наводнување, фарбање трибини, технички прегледи,

одржување на агрегатска постројка, панично осветлување и центално осветлување.**2 вработени и надворешни соработници со лиценца**

**3**.Помошно фудбалско игралиште,Тренинзи на младински категории и училишни екипи  Одржување на тревник, бележење линии, поправка на ограда,**1 вработен**

**4**.Фудбалско игралиште со вештачка трева,Тренинзи и рекреативно користење,Чистење и четкање на тревата, проверка на дренажа,**2 вработени**

**5**.Тениски терени,Тренинзи, турнири, летна школа за деца,Одржување на подлогата, мрежи, трибини, **1 вработен**

**6**.Куглана,Рекреативно користење, локални турнири,Проверка на механизми, одржување хигиена, техничка исправност,**2 вработени**

Објектите ќе бидат достапни секој работен ден и викенд според распоредот утврден од надлежниот сектор од Општина Битола. Користење за спортски клубови, училишта, здруженија и граѓани. Термините ќе се резервираат преку општинската служба за спорт.

**6. Финансиски план**

Средствата за работа и одржување ќе се обезбедат од:

- Буџет на Општина Битола
- Надоместоци од корисници на објектите

**7. Мониторинг и извештај**

Одговорното лице ќе изготвува месечни и годишни извештаи за користењето, одржувањето и финансиското работење на секој спортски објект.

Битола, декември 2025

ЈП Комуналец Битола
Директор
Горан Степановски